**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-1090**
**15.10. 2015 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) во врска со член 12 и член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-5808/1 од 09.10.2015 година, поради неисполнување на обврската од член 12 од Законот за медиуми од страна на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), Директорот на Агенцијата на ден 14.10.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), заради извршена повреда на член 12 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а казнива по член 28 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што радио програмскиот сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), во програми емитувани на 2 септември 2015 година, не ги објавил податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-5808/1 од 09.10.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) и член 27 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши

административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени со членовите 6, 7, 12 и 13 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 27 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против издавач на медиум согласно со овој Закон.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, Одделението за програмски и административен надзор, на 9 октомври 2015 година, извршила административен надзор на радио програмскиот сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), при што било констатирано прекршување на член 12 од Законот за медиуми, односно дека во програми емитувани на 2 септември 2015 година – „Утринска програма со ТикТак и Александра", „Ритамот на денот" и „Точно напладне со Радица Митиќ Мак Топ 10" не биле објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината и тн. што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од точка 1 од оваа Одлука, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-5808/1 од 09.10.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 12 и член 27 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-5808/1 од 09.10.2015 година, поради констатирано прекршување на одредбата од член 12 од Законот за медиуми, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис (МРА2), се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.10-5808/1 од 09.10.2015 година.

**Доставено до:**

- Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје;
- Директорот на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.